РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет Св.Климент Охридски-Битола
Технолошко-технички факултет
Бр. 03-543/1
23.06. 2015 год.
Велес

Друштво за трговија и услуги МИЛКОМ КОМПАНИ
увоз-извоз ДООЕЛ с.Ногаевци Градско
Бр. 03-412/15
23.06. 2015 год.

Технолошко – технички факултет Велес
Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола

Faculty of Technology and Technical Sciences Veles

Улица:„Димитар Влахов“ бб, 1400 Велес
Address: “Dimitar Vlahov” bb, Veles, 1400
E-mail: ttfv@uklo.edu.mk
Факс(Fax): +389 (0)43 211-204
Тел.(Phone): +389 (0)43 211-202
Тел.(Phone): +389 (0)43 211-203

# ДОГОВОР ЗА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА

Склучен на ден 23.06.2015 година помеѓу:

1.**Технолошко-технички факултет Велес**, единка на Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола, со седиште на ул. „Димитар Влахов“ бб Велес, претставуван од Деканот вонр. проф. д-р Валентина Павлова и

2.**МИЛКОМ Компани ДООЕЛ**, со седиште на с.Ногаевци-општина Градско претставувана од Директорот Ирена Страхилова.

**Член 1**

Предмет на овој Договор е уредување на меѓусебната соработка помеѓу Технолошко-техничкиот факултет Велес и **МИКЛОМ Компани ДООЕЛ**, за начинот на изведување на практични вежби, студентска пракса и изработка на дипломски работи на студентите од I (прв) циклус студии, како и изработка на магистерски работи на студентите од II (втор) циклус студии а согласно предвидените наставни програми.

**Член 2**

Договарачот **МИЛКОМ Компани ДООЕЛ** се обврзува за потребите на студентите од I (прв) и II (втор) циклус студии на Технолошко-техничкиот факултет Велес, да овозможи изведување на практични вежби, студентска пракса и изработка на дипломски и магистерски работи, во нивни соодветни простории, апаратура и други работи кои се неопходни за стручно и квалитетно изведување на споменатите активности на студентите.

**Член 3**

Договарачот Технолошко-технички факултет Велес, се обврзува за потребите на своите студенти од I (прв) и II (втор) циклус студии, за изведување на практични вежби, студентска пракса и изработка на дипломски работи, навремено да го известува договарачот **МИЛКОМ Компани ДООЕЛ**.

**Член 4**

Договарачот Технолошко-технички факултет Велес, се обврзува наместо финансиски надомест за дадените услуги, да го објави логото на договарачот **МИЛКОМ Компани ДООЕЛ** на web страната на факултетот.

**Член 5**

Овој Договор за меѓусебна соработка се склучува на неопределено време, со можност било која договорна страна да го раскине со отказен рок од 30 дена.

**Член 6**

Овој Договор за меѓусебна соработка е склучен во 4 (четири) истоветни примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

**Д о г о в о р н и   с т р а н и**

| | |
|---|---|
| **Технолошко-технички факултет Велес** | **МИЛКОМ Компани ДООЕЛ** |
| **Д е к а н** | **Д и р е к т о р** |
| **вонр. проф. д-р Валентина Павлова** | **Ирена Страхилова** |